| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | Горе, долу, удри и плесни |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Да се повторува и да се потикнува детето да ги мачка рацете со сапун и да ги трие. |
| **Активности** | 1.Игра со звук<br>Детето заедно со возрасен од семејството е седнато на столче и му се предлага да играат заедно игра во која му се поттикнува слушното внимание и аудитивната фокусираност. Возрасниот дава инструкции за играта и покажува,а потоа се вклучува и детето. Раце горе-плесни, раце долу-плесни, па се станува од столчето и со стапалата се удира на подот и плеска со рацете. Откако ќе се повтори играта 2 до 3 пати,детето се обидува самостојно да ја игра се додека не ја запомни.Играта кај детето трае се додека има интерес.<br>2.Звучни играчки<br>Детето игра со звучни играчки на кои звукот се менува со притискање на копче.<br>3.Игра на тишината<br>По завршување со игрите  возрасниот седнува со детето повторно на столче и разговара со него за различните звуци,па посочува да ја слушнат и тишината. Ги затвараат очите,рацете се поставени на колена се молчи и слуша тишината. |